Режимот на испорака на топлинска енергија од јануари 2012 год. со влегување на работа на ТЕ-ТО е променет, со што се направени следниве ефекти,односно подобрувања:

- Сите потрошувачи, по направениот прекин на испорака на топлинска енергија, без разлика на нивната оддалеченост од топлинските извори имаат еднакви влезни параметри во периодот дефиниран за испорака на топлинска енергија, односно сите објекти добиваат во исто време греење, што до сега не беше таков случај и за кој имавме и најмногу рекламации, особено од потрошувачите од најодаделечените објекти.

- Заради таквата промена во режимот на испорака на топлинска енергија има можност да се зголеми и времето на испорака од 1,5 до 2 часа во однос на дефиниранто во правилниците, односно до 22:30 до 23:00 часот, што исто така беше барање на поголем број од потрошувачите .

- При тоа кај сите објекти каде има вградено опрема за автомстка регулација на параметрите на топлинската станица, во 23 часот истата затвара, а во 05 часот регулационата опрема отвара, за да објектите бидат во дијаграм.

- Во меѓу време, во период од 23 до 05 часот се полнат водовите со врела вода при што енергијата која влегува во објектот е помала во однос на претходниот режим на испорака на топлинска енергија.

- Во објектите и со овој режим на испорака на топлинска енергија се испорачува еднаква, или помала енергија од одобрената од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

- Ваквиот режим на работа нема да влијаае на зголемување на цената по однос на зголемена испорака на топлинската енергија.